РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VER
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale

Примено: Pranuar:	10.10.2024		
Орг. единица:	Број:	Прилог:	Вред.
05	570/9-4		

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година

и Извештај на независниот ревизор

Сметка за приходи од самофинансирачки активности (Депозитна сметка 787)

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 2
Основни финансиски извештаи	
• *Биланс на состојбата*	3
• *Биланс на приходите и расходите*	4
Образложение кон основните финансиски извештаи	6 -12

Прилог 1 – Полугодишни извештаи за 2023 година
Прилог 2 – Годишна сметка

forvis mazars

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И ОСНОВАЧОТ НА
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје

Извештај за финансиски извештаи на депозитната сметка 787

Извршивме ревизија на приложените основни финансиски извештаи на депозитната сметка 787 на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје (во натамошниот текст „Дирекцијата"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година и Билансот на приходите и расходите за годината што тогаш завршува, како и образложението кон нив (во понатамошниот текст "финансиските извештаи").

Одговорност на раководството за финансиските извештаи на депозитна сметка 787

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи на депозитната сметка 787 во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија што се во примена во Република Северна Македонија. Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Дирекцијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Дирекцијата. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

Основа за мислење со резерва

Како што е обелоденето во Образложението 14 кон придружните финансиски извештаи, за годината што завршува на 31 декември 2021 година, Дирекцијата поднела Даночен биланс на 28 март 2022 година така што во даночната основа ги пресметала само непризнатите трошоци, а не и остварениот вишок на приходи – добивката пред оданочување во износ од 214,960 илјади денари намалено за процентуалното учество на прометот по тарифник од Влада на РСМ во износ од 101,499 илјади денари, како резултат на што пресметаниот данок на добивка требало да изнесува 11,933 илјади денари. Притоа, во поднесениот Биланс на приходи и расходи за 2021 година износот на данокот на добивка бил прикажан во износ нула. Ваквиот третман не е во согласност со барањата на законот за данокот на добивка, ниту со применливата сметководствена регулатива, како резултат на што обврската за данок на добивка била потценета, а пасивните временски разграничувања биле преценети за 11,933 илјади денари зголемени за евентуалните казнени камати на 31 декември 2023 година.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И ОСНОВАЧОТ НА
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје (продолжение)

Мислење со резерва

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањето наведено во Основата за мислење со резерва, финансиските извештаи на депозитната сметка 787 ја презентираат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје на 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето за годината која тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија, Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници, како и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и останатата применлива регулатива.

Останато

Приложените ревидирани основни финансиски извештаи на депозитната сметка 787 не биле потпишани од страна на в.д. директорот Гоце Димовски бидејќи неговото назначување на функцијата било на 2 јули 2024 година, односно после поднесувањето на годишната сметка на 29 февруари 2024 година.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Дирекцијата е одговорно за подготвување на полугодишните извештаи за 2023 година (прилог 1 кон финансиските извештаи на депозитната сметка 787) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи на депозитната сметка 787) во согласност со Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и Законот за технолошки индустриски развојни зони и истите се прифатени и одобрени од раководството на Дирекцијата. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на полугодишните извештаи за 2023 година со годишната сметка и финансиски извештаи на депозитната сметка 787 на Дирекцијата. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што е во примена во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во полугодишните извештаи за 2023 година се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на депозитната сметка 787 на Дирекцијата за годината што завршува на 31 декември 2023.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор
Управител

Скопје
8 октомври 2024 година

Јане Иванов
Овластен ревизор

Основни финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

	Белешка	31 декември 2023	31 декември 2022
АКТИВА			
Тековни средства			
Парични средства	3	105,959	94,925
Побарувања од купувачи	4	70,995	64,803
Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции	5	18,547	78,715
Побарувања од државата и други институции		639	18,485
Побарувања од вработените		857	-
Активни временски разграничувања	6	7,861	2,685
		204,859	259,613
ВКУПНА АКТИВА		**204,859**	**259,613**
ПАСИВА			
Тековни обврски			
Обврски кон добавувачи	7	6,370	2,465
Останати обврски	8	1,492	7,651
Пасивни временски разграничувања	9	196,997	249,497
		204,859	259,613
ВКУПНА ПАСИВА		**204,859**	**259,613**

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2023 година се прифатени и одобрени од раководството на Дирекцијата на 29 февруари 2024 година.

Гоце Димовски
в.д. Директор

Валентина Лековска
Сметководител

Основни финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
За годината што завршува на 31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

	Белешка	31 декември 2023	31 декември 2022
РАСХОДИ			
Тековни расходи	11		
Патни и дневни расходи		(6,903)	(1,205)
Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт		(288,729)	(505,248)
Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка		(1,798)	(1,922)
Поправка и тековно одржување		(34,990)	(19,288)
Договорни услуги		(38,762)	(46,728)
Други тековни расходи		(32,913)	(21,450)
		(404,095)	**(595,841)**
Капитални расходи	10,12		
Купување на опрема и машини		(11,470)	(18,208)
Градежни објекти		(695)	-
Други градежни објекти		(4,571)	-
		(16,736)	**(18,208)**
ВКУПНО РАСХОДИ		**(420,831)**	**(614,049)**
ПРИХОДИ	13		
Приходи од закупнина на објекти		2,801	3,055
Други владини услуги		186,375	201,474
Пренесени приходи од минати години		94,844	214,959
Останати неданочни приходи		235,284	283,974
Приходи остварени при закуп на градежно земјиште		7,411	5,431
ВКУПНО ПРИХОДИ		**526,715**	**708,893**
Остварен вишок на приходи – Добивка пред оданочување		105,884	94,844
Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходите	14	(6,982)	(7,823)
Нето вишок на приходи – Добивка по оданочување		**98,902**	**87,021**
РАЗЛИКА НА РАСХОДИ И ПРИХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНИ ГОДИНИ		**98,902**	**87,021**

Образложението кон основните финансиски извештаи
претставува составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи за 2023 година се прифатени и одобрени од раководството на Дирекцијата на 29 февруари 2024 година.

Гоце Димовски
в.д. Директор

Валентина Лековска
Сметководител

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА
За годината што завршува на
31 декември 2023
(износи во илјади денари)

	Државен-јавен капитал	Вкупно
На 1 јануари 2022 година	4,858	4,858
Нови набавки на материјални средства	1,021	1,021
Пренос на буџетска сметка 637	(5,879)	(5,879)
На 31 декември 2022 година	-	-
На 1 јануари 2023	-	-
Нови набавки на материјални средства	-	-
Пренос на буџетска сметка 637	-	-
На 31 декември 2023 година	-	-

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје е владина државна институција формирана во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Дирекцијата официјално започна со работа на 15 февруари 2007 година.

Седиште: Булевар Партизански Одреди бр.2 Скопје – Центар, Центар

Дејност: 84.13 – Управување и давање помош за поуспешно деловно работење

Законска рамка
Закон за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23).

Организациони единици
- Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки,
- Сектор за управување со ресурси,
- Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош,
- Одделение за маркетинг и комуникација,
- Сектор за планирање и реализација на проекти и подготовка на зоните,
- Сектор за управување и одржување на зони и односи со корисници,
- Сектор за одобренија за градење и употреба во зоните,

Директор
Во текот на 2024 со Решение бр. 14-5991/2 од 2 јули 2024 разрешен е дотогашниот вршител на должноста Директор Г-дин Јован Деспотовски, додека со Решение бр. 14-5622/1 од 2 јули 2024 година за , вршител на должноста Директор е назначен Г-дин Гоце Димовски.

Членови на управен одбор

Членови на Управен одбор се:

1) Г-дин Џелил Ахмет – претседател (од 11 мај 2021 година – тековно)
2) Г-ѓа Ширет Елези – потпретседател (од 17 ноември 2020 година – тековно)
3) Г-дин Виктор Андонов – член (од 24 јули 2019 година – тековно)
4) Г-ѓа Јасмина Мајстороска – член (од 18 октомври 2022 година – тековно)
5) Г-дин Пјетро Стерпоне – член (од 2 март 2022 година – тековно)
6) Г-дин Саво Стаковиќ – член (од 2 март 2022 година – тековно)
7) Г-дин Игор Здравески – член (од 2 март 2022 година – тековно)

Надлежности
Дирекцијата ги има следниве надлежности:

- Планирање и развој на зоните и обезбедување на услови за користење на просторот.
- Анализа на локацијата и обезбедува услови за планирање на истата.
- Обезбедување на целокупната соодветна планска документација согласно со закон потребна за основање на зоната.
- Обезбедување на целокупната соодветна проектна техничка документација согласно со закон за изградба и функционирање на зоната.
- Промоција и реклама на зоните и остварување односи со јавноста.
- Привлекување основачи и корисници на зоната.
- Водење евиденција на дејностите во просторот на зоната.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (продолжение)

Надлежности (продолжение)

- Донесување решение за започнување со работа, решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие на корисникот на зоната.
- Донесување решение за укинување на решението за започнување со работа решение за започнување со работа на проширување на капацитетот на постојното претпријатие, решение за започнување со работа во случај на диверзификација на производството на претпријатието со воспоставување на нови, дополнителни производи, решение за започнување со работа во случај на суштинска промена во целокупниот процес на производство на постојното претпријатие на корисникот на зоната.
- Донесување решение за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија.
- Донесување акт за укинување на решението за започнување со работа на зоната, во случај кога основач на зоната не е Владата на Република Македонија.
- Донесување на тарифник за надоместоци за извршени услуги на основачот и тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисникот, за кои Владата на Република Македонија дава согласност.
- Дирекцијата има и други надлежности во согласност со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Дирекцијата ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Правилникот за содржина на одделни сметки во сметководството на буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/02 и 98/02 и 175/11), како и според сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија кај буџетите и буџетските корисници, односно Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор на готовинска основа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2005), што се применуваат од 1 јануари 2006 година.

Финансиските извештаи на Дирекцијата се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

2.2 Признавање на приходите и расходите

Дирекцијата ги евидентира приходите и другите приливи и расходите и другите одливи со спроведување на сметководственото начело на парично искажување. Тоа значи дека приходите и другите приливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. При тоа, приходите се мерливи кога можат вредносно да се изразат на готовинска основа, а се расположливи кога се остварени во пресметковниот период, односно до 31 декември во тековната година.

Расходите и другите одливи се признаваат на готовинска основа во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

2.3 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските деноминирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

2.4 Побарувања

Побарувањата се прикажани според нивната номинална вредност. За стари и сомнителни побарувања се врши исправка или отпис.

2.5 Обврски

Обврските се прикажани по нивната номинална вредност. Неизмирените обврски се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. На крајот на периодот за известување на неисплатените обврски им се спротивставуваат побарувања за неисплатени обврски искажани на активни временски разграничувања.

2.6 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Дирекцијата се подготвени врз основа на принципот на континуитет на и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

3. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	31 декември 2023	31 декември 2022
Парични средства и парични еквиваленти на депозитна сметка	105,959	94,925
	105,959	**94,925**

4. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	31 декември 2023	31 декември 2022
Побарувања од купувачи во земјата	70,995	64,803
	70,995	**64,803**

5. ПОБАРУВАЊА ЗА АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

	31 декември 2023	31 декември 2022
Побарувања за аванси, депозити и кауции	18,547	78,715
	18,547	**78,715**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

6. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

	31 декември 2023	31 декември 2022
Активни временски разграничувања	7,861	2,685
	7,861	**2,685**

7. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	31 декември 2023	31 декември 2022
Обврски кон добавувачи во земјата	5,561	2,465
Обврски кон добавувачи во странство	809	-
	6,370	**2,465**

8. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

	31 декември 2023	31 декември 2022
Обврски за примени аванси	220	220
Обврски спрема државата и други институции	574	-
Обврски за даноци и придонеси од добивка	698	7,431
	1,492	**7,651**

9. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

	31 декември 2023	31 декември 2022
Пасивни временски разграничувања	196,997	249,497
	196,997	**249,497**

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

10. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Градежни објекти	Опрема и мебел	Материјални средства во подготовка	Вкупно
Набавна вредност				
На 1 јануари 2022	-	-	4,858	4,858
Набавки	-	18,208	1,021	19,229
Пренос на буџетска сметка 637	-	(18,208)	(5,879)	(24,087)
На 31 декември 2022	-	-	-	-
На 1 јануари 2023	-	-	-	-
Набавки	-	-	-	-
Пренос на буџетска сметка 637	-	-	-	-
Пренос на инвестиции во тек	-	-	-	-
На 31 декември 2023	-	-	-	-
Исправка на вредноста				
На 1 јануари 2022	-	-	-	-
Тековна амортизација	-	-	-	-
На 31 декември 2022	-	-	-	-
На 1 јануари 2023	-	-	-	-
Тековна амортизација	-	-	-	-
На 31 декември 2023	-	-	-	-
Сметководствена вредност:				
На 31 декември 2023	-	-	-	-
На 31 декември 2022	-	-	-	-

11. ТЕКОВНИ РАСХОДИ

	Годината што завршува на 31 декември 2023	31 декември 2022
Патни и дневни расходи	6,903	1,205
Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	288,729	505,248
Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	1,798	1,922
Поправка и тековно одржување	34,990	19,288
Договорни услуги	38,762	46,728
Други тековни расходи	32,913	21,450
	404,095	**595,841**

Комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 288,729 илјади денари (2022: 505,248 илјади денари) вклучуваат трошоци за греење и материјали за греење во износ од 20,595 илјади денари – значајно намалување заради стабилизација на енергетска криза (2022: 478,115 илјади денари), комунални услуги во износ од 264,247 илјади денари (2022: 23,205 илјади денари), комуникациски трошоци во износ од 2,363 илјади денари (2022: 2,311 илјади денари) и трошоците за транспорт во износ од 1,526, илјади денари (2022: 1,617 илјади денари).

Образложение кон основните финансиски извештаи
(депозитна сметка 787)
31 декември 2023 година
(износи во илјади денари)

12. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

	Годината што завршува на	
	31 декември 2023	**31 декември 2022**
Купување на опрема и машини	11,470	18,208
Градежни објекти	695	-
Други градежни објекти	4,571	-
	16,736	**18,208**

13. ПРИХОДИ

	Годината што завршува на	
	31 декември 2023	**31 декември 2022**
Приходи од закупнина на објекти	2,801	3,055
Други владини услуги	186,375	201,474
Пренесени приходи од минати години	94,844	214,959
Останати неданочни приходи	235,284	283,974
Приходи остварени при закуп на градежно земјиште	7,411	5,431
	526,715	**708,893**

Други владини услуги во износ од 186,375 илјади денари (2022: 201,474 илјади денари) се однесуваат на надоместоци кои Дирекцијата ги наплаќа од корисниците на ТИРЗ, како што се записи за влез и излез во и од зоните, месечни надомести за одржување на инфраструктурата во зоните, како и закупнина за користење на деловен простор.

Останати неданочни приходи во износ од 235,284 илјади денари (2022: 283,974 илјади денари) се однесуваат на приходи од продажба на потрошен гас на корисниците на ТИРЗ.

14. ДАНОК НА ДОБИВКА

	Во илјади денари За годината што завршува на	
	31 декември 2023	**31 декември 2022**
Добивка пред оданочување	105,884	94,844
% учество на промет по тарифник од Влада	(43,928)	(21,767)
Непризнати трошоци за даночни цели	7,864	5,151
Даночна основа	69,820	78,228
Намалување на даночната основа	-	-
Даночна основа по намалување	69,820	78,228
Пресметан данок на добивка (10%)	6,982	7,823
Ефективна стапка	6.59%	8.25%

За годината што завршува на 31 декември 2021 година, Дирекцијата поднесе Даночен биланс на 28 март 2022 година така што во даночната основа ги пресмета само непризнатите трошоци, а не и оствареният вишок на приходи – добивката пред оданочување во износ од 214,960 илјади денари намалено за процентуалното учество на прометот по тарифник од Влада на РСМ во износ од 101,499 илјади денари, како резултат на што пресметаниот данок на добивка требаше да изнесува 11,933 илјади денари. Притоа, во поднесениот Биланс на приходи и расходи за 2021 година износот на данокот на добивка е прикажан во износ нула. Ваквиот третман не е во согласност со барањата на законот за данокот на добивка, ниту со применливата сметководствена регулатива, како резултат на што обврската за данок на добивка е потценета, а пасивните временски разграничувања се преценети за 11,933 илјади денари зголемени за евентуалните казнени камати на 31 декември 2023 година.

15. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Нема други настани кои бараат корекција или дополнителни обелоденувања во финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година.

16. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември 2023 и 2022 година се следните:

	Во денари 31 декември 2023	Во денари 31 декември 2022
EUR	61.4950	61.4932

ПРИЛОГ 1 – ПОЛУГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ за 2023 година

ПРИЛОГ 2 – ГОДИШНА СМЕТКА

ЕМБС: 05450411
Целосно име: Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници остварени од самофинансирачки активности - 787
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

Биланс на приходи и трошоци

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039)	595.841.408,00			404.094.637,(
12	- - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019)	595.841.408,00			404.094.637,(
13	- - Патни и дневни расходи	1.204.838,00			6.902.979,(
14	- - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	505.247.925,00			288.728.920,(
15	- - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	1.921.718,00			1.798.405,(
16	- - Поправка и тековно одржување	19.287.847,00			34.989.700,(
17	- - Договорни услуги	46.727.601,00			38.762.259,(
18	- - Други тековни расходи	21.451.479,00			32.912.374,(
44	- - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ (од 045-054)	18.207.631,00			16.736.519,(
45	- - Купување на опрема и машини	18.207.631,00			11.470.214,(
46	- - Градежни објекти				694.924,(
47	- - Други градежни објекти				4.571.381,(
59	- - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055)	614.049.039,00			420.831.156,(
60	- - Б) ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (103-059)	94.843.617,00			105.884.188,(
61	- - В) ДАНОЦИ ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ-ДОБИВКАТА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	7.822.784,00			6.981.989,(
62	- - Г) НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ (О60-061)	87.020.833,00			98.902.199,(
63	- - Д) РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ- ДОБИВКАТА (064 до 066)	87.020.833,00			96.939.412,(
66	- - За пренос во наредна година	87.020.833,00			96.939.412,(
67	- - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105	708.892.656,00			526.715.344,(
77	- - II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ (078 ДО 082)	488.502.236,00			519.304.520,(
80	- - Такси и надоместоци	3.055.347,00			2.800.826,(
81	- - Други владини услуги	201.473.757,00			281.218.229,(

82	- - Други неданочни приходи	283.973.132,00			235.285.465,(
83	- - III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ (084 до 087)	5.430.988,00			7.410.824,(
86	- - Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	5.430.988,00			7.410.824,(
88	- - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092)	214.959.432,00			
89	- - Трансфери од други нивоа на власт	214.959.432,00			
103	- - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102)	708.892.656,00			526.715.344,(
105	- - В) ВКУПНО (103+104=067)	708.892.656,00			526.715.344,(

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
124	- - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146)	259.613.159,00	207.544.955,00	2.686.892,00	204.858.063,(
125	- - I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133)	94.925.070,00	105.958.901,00		105.958.901,(
126	- - Сметка	94.843.617,00	105.884.188,00		105.884.188,(
127	- - Благајна	81.453,00	74.713,00		74.713,(
135	- - III. ПОБАРУВАЊА (136 до 139)	64.802.525,00	73.681.537,00	2.686.892,00	70.994.645,(
138	- - Побарувања од купувачи во земјата	64.802.525,00	73.681.537,00	2.686.892,00	70.994.645,(
140	- - IV. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ	78.715.251,00	18.546.997,00		18.546.997,(
142	- - VI. ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ		857.072,00		857.072,(
144	- - VIII. ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ	18.485.076,00	639.123,00		639.123,(
146	- - Други активни временски разгарничувања	2.685.237,00	7.861.325,00		7.861.325,(
159	- - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158)	259.613.159,00	207.544.955,00	2.686.892,00	204.858.063,(
173	- - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198)	259.613.159,00			204.858.063,(
175	- - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179)	2.464.845,00			6.369.637,(
176	- - Обврски спрема добавувачи во земјата	2.464.845,00			5.561.009,(
177	- - Обврски спрема добавувачи во странство				808.628,(
180	- - в) Примени аванси, депозити и кауции	220.392,00			220.392,(
189	- - д) Обврски спрема државата и други институцииза (190 до 194)				573.764,(
193	- - Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело				573.764,(
196	- - е) Обврски за даноци и придонеси од добивка	7.431.339,00			697.532,(
198	- - з) Пасивни временски разграничувања	249.496.583,00			196.996.738,(
200	- - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199)	259.613.159,00			204.858.063,(

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
664	- - Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР)	14.689.448,00			8.234.522,(
665	- - Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР)	2.473.223,00			6.370.959,(
666	- - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР)	2.310.736,00			1.543.602,(
667	- - Горива и масла (< или = на АОП 014 од БПР)	1.297.848,00			1.077.558,(
672	- - Провизија за платен промет и банкарска провизија (< или = на АОП 017 од БПР)	50.669,00			106.015,(
673	- - Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = на АОП 017 од БПР)	46.138.183,00			8.396.219,(
674	- - Осигурување на недвижности и права (< или = на АОП 017 од БПР)	364.493,00			149.148,(
677	- - Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР)	21.451.479,00			27.497.612,(
684	- - Закупнини (< или = на АОП 079 од БПР)	3.055.347,00			

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2548	- 84.13 - Управување и давање помош за поуспешно деловно работење				526.715.344,(

Потпишано од:

VALENTINA LEKOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTn
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) о страна на Централниот Регистар.

ДАНОЧЕН БИЛАНС
за оданочување на добивка

ДБ

Посебен даночен статус: ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови

Единствен даночен број: 4030999393528

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт: DIREKCIJA ZA TEHNOLO[KI INDUSTRISKI RAZVOJNI ZONI SKOPJE BULEVAR PARTIZANSKI ODRED 2 СКОПЈЕ-

Телефон: 02/3111-166

е-пошта: info@fez.gov.mk

Датум и час на прием: 28/02/2024 18:00:19

Број на прием: 2802241708 27

Даночен период: од 01/01/2023 до 31/12/2023

Рок за поднесување: 29/02/2024

Исправка на ДБ: ☐ Број

УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

		АОП	
I.	**Финансиски резултат во биланс на успех**	01	61955899
II	**Непризнаени расходи и помалку искажани приходи за даночни цели (збир од АОП 03 до АОП 39)**	02	7853991
1.	Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот односно не се непосреден услов за и вршување на дејноста и не се последица од вршењето на дејноста	03	0
2.	Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ	04	500145
3.	Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД	05	0
4.	Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон	06	0
5.	Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани	07	0
6.	Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон	08	0
7.	Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон	09	0
8.	Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон	10	0
9.	Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над висината утврдена со закон	11	0
10.	Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени со закон	12	0
11.	Скриени исплати на добивки	13	0
12.	Кусоци кои не се предизвикани од виновни настани (кражба, пожар или други природни непогоди)	14	0
13.	Трошоци за репрезентација	15	219280
14.	Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината	16	0
15.	Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината	17	0
16.	Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД	18	0
17.	Трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот	19	0
18.	Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени	20	129199
19.	Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник	21	0
20.	Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата	22	0
21.	Трошоци за стипендии	23	0
22.	Трошоци на кало, растур, крш и расипување	24	0
23.	Трајен отпис на ненаплатени побарувања	25	0
24.	Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон	26	0
25.	Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практикантство	27	0
26.	Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно	28	0
27.	Трошоци за амортизација на преваприсираната вредност на материјални и нематеријални средства	29	0

28.	Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација	30	0
29.	Преостанатата сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи	31	0
30.	Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања	32	0
31.	Износ на ненаплатени побарувања од заем	33	0
32.	Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со примената на „дофат на рака" меѓу поврзани лица	34	0
33.	Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица	35	0
34.	Износ на дел од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица	36	0
35.	Износ на затезни камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице	37	0
36.	Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот	38	0
37.	Други усогласувања на расходи	39	5042617
III.	**Даночна основа (I+II)**	40	69819890
IV.	**Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)**	41	0
38.	Износ на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа	42	0
39.	Износ на вратен дел од заем за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа	43	0
40.	Износ на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица	44	0
41.	Износ на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход	45	0
42.	Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, одбележени со денот на добивка кој исплатувачот	46	0
43.	Дел од загуба намалена за непризнаени расходи, пренесена од претходни години	47	0
44.	Износ на извршени блокирања од добивката (реинвестирана добивка)	48	0
V.	**Даночна основа по намалување (III-IV)**	49	69819890
VI.	**Пресметан данок на добивка (V x 10%)**	50	6981989
VII.	**Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+ АОП 53+АОП 54+АОП 55)**	51	0
45.	Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања	52	0
46.	Износ на данок содржан во одбележени приходи / добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка	53	0
47.	Данок кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД	54	0
48.	Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од ЗДД	55	0
VIII.	**Пресметан данок по намалување (VI-VII)**	56	6981989
49.	Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период	57	7621112
50.	Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди	58	0
51.	Износ за доплата / повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58)	59	-639123
IX.	**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**		
52.	Вкупен износ на извршени блокирања од добивката (реинвестирана)	60	0
53.	Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато	61	0
54.	Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години	62	0
55.	Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од ЗДД	63	0
56.	Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка	64	0
57.	Остварен вкупен приход во годината	65	526715344
58.	Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	66	0
59.	Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	67	0
60.	Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	68	0
61.	Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	69	0
62.	Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, по член 30-а од ЗДД	70	0

За пополнување на податоците за платен данок во странство (withholding tax) до пропишаната ставка кликнете тука (Задолжително пополнете ги сите полиња и прикачете го доказот за платениот данок од надлежен даночен орган во странство) >>>

За пополнување на податоците за дивиденди со учество во капиталот на друг даночен обврзник од Изјава за платен данок на добивка образец И-ПД кликнете тука(Задолжително пополнете ги сите полиња и прикачете го образецот И-ПД) >>>

ПРИЛОГ
со податоци за трансакции меѓу поврзани лица

А. ТРАНСАКЦИИ МЕЃУ ПОВРЗАНИ ЛИЦА СОГЛАСНО ЧЛЕН 12 И ЧЛЕН 12-А ОД ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОБИВКА

Реден број	Вид на трансакција	Продажба	Набавка
1	Нематеријални средства	0	0
2	Материјални средства	0	0
3	Финансиски средства освен заеми	0	0
4	Заеми	0	0
5	Залихи на материјали, производи и стоки	0	0
		0	0

Редек број	Вид на трансакција	Приход	Трошоци
6	Камати	0	0
7	Услуги	0	0
8	Надоместоци за авторски права	0	0
9	Вкупен износ на останати трансакции	0	0
		0	0

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме	Валентина Лековска		
ЕДБ / ЕМБГ	0611965455085	Датум на пополнување	28/02/2024 17:58:19
Својство	Полномошник	Потпис	

ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме	Валентина Лековска		
ЕМБГ	0611965455085	Датум на пополнување	
Својство	Полномошник	Потпис	Електронски потпишана

Податоци за обработката	obrabotena vo UJP DB za aktiven obrznik so prebivawe prijavata nema gre(ka

* Пополнува Управа за јавни приходи

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2023 година

Бр./N: 01-443/1
28-02-24

За сметка од самофинансирачки активности - сметка 787

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во 2023 година ги оствари следните приходи:

1.Вкупни приходи 2023 година

Назив на приходот	Износ
Закупнина од објекти	2.800.826
Други владини услуги	186.374.612
Пренесени приходи од минати години конто-2960	94.843.617
Останати неданочни приходи	235.285.465
Приходи остварени при закуп на градежно земјиште	7.410.824
Вкупни приходи	526.715.344

2.Вкупни расходи за 2023 година

420120	Патувања во земјата-патни трошоци	40.533
420130	Патувања во земјата-споредни расходи	61.314
420210	Патување во странство	175.598
420220	Патување во странство-патни расходи	5.830.458
420230	Патувања во странство-споредни расходи	784.198
420240	Патување во странство-споредни расходи	10.877.000
420	**Вкупно**	**6.902.979**
421110	Електрична енергија	7.692.543
421120	Водовод и канализација	6.370.959
421130	Ѓубретарина	44.860
421190	Други комунални такси и услуги	6.486.444
421210	Централно греење	541.979
421290	Други материјали за греење	263.704.585
421310	Пошта	158.646
421320	Телефон и телефакс	1.543.602
421390	Други трошоци за комуникација	660.246
421410	Горива масла(мотрни возила)	1.077.558
421420	Регистрација на моторни возила	82.516
421440	Транспорт на луѓе	364.982
421	**Вкупно**	**288.728.920**
423110	Канцелариски материјал	165.445
423120	Списанија,весници и други	2.400
423190	Други административни расходи	64.900
423210	Материјали за аоп	287.118
423310	Униформи	886.629
423410	Прехрамбени продукти и пијалоци	42.504
423710	Средства за хигиена	90.128
423810	Ситен инвентар	114.604
423830	Резервни делови	86.027
423910	Др. Материјали за специјална намена	51.016
423990	Др. материјали	7.634
423	**Вкупно**	**1.798.405**
424110	Поправка, сервисирање на лесни возила	958.934
424210	Одржување на згради	3.267.586

424220	Услуги за обезбедување на објекти	15.559.939
424230	Дезинфекција и дератизација	281.840
424390	Одржување на др. градби	9.570.360
424420	Поправки и одржување на објекти	2.069.019
424430	Поправка и одржување на машини	1.179.354
424440	Поправка и одржување на друга опрема	2.102.668
424	**Вкупно**	**34.989.700**
425130	Изнајмување на друг тип на простори	126.120
425150	Изнајмување на моторни возила	40.734
425190	Изнајмување на др. опрема и опрема за специјални намени	166.577
425220	Банкарска провизија	106.015
425230	Осигурување на вработени	129.199
425250	Осигурување на недвижности	7.425
425260	Осигурување на моторни возила	12.524
425310	Правни услуги	1.703.553
425320	Судски вештачења	30.331
425490	Други здравствени услуги	196.000
425630	Испитување на квалитет на води	11.750
425910	Преведувачи	65.670
425920	Услуги за копирање	272.530
425970	Консултански услуги	8.396.219
425990	Други договорни услуги	27.497.612
425	**Вкупно**	**38.762.259**
426210	Расходи за репрезентација	2.139.340
426310	Семинари и конференции	280.005
426410	Објавување на огласи	1.386.884
426990	Други оперативни расходи	29.106.145
426	**Вкупно**	**32.912.374**
480140	Купување на информатичка видео опрема	7.227.104
480150	Купување на кујнска опрема	29.642
480190	Купување на друга опрема	4.213.468
480	**Вкупно**	**11.470.214**
481210	Подготвување на проекти на град. објекти	694.924
481	**Градежни објекти**	**694.924**
482910	Подготвување проекти	3.316.272
482920	Изградба на др. објекти	1.255.109
482		**4.571.381**

Вкупно Приходи 526.715.344,00 ден.

Вкупно Расходи 420.831.156,00 ден.

Разлика на приходи и расходи 105.884.188,00 ден.

Во текот на 2023 година ДТИРЗ ги нема подмирено обврските спрема следните добавувачи

Службен весник	7.800
Македонскапошта	12.092
ЈКП Илинден-н.Илинден	133.792
Вечер прес	19.739
Коха продукција	56.789
Грант Торнтон	283.200
Репро принт	11.800

Комуналец ЈП Кичево	6.291
Глобал трип	11.845
МИА	5.853
Алекс фор	83.396
Хемастил 2015	6.188
Њу момент	2.791.283
Нелт СТ	69.930
БД група	766.670
Енерџи диливери солушн	457.307
Крестон македонија	826.000
Комерса	11.033
ВКУПНО	**5.561.009**

ДТИРЗ на 31.12.2023 побарува од следните купувачи

Назив	Салдо
РЕД ШПЕД	-106.086.00
ДЕНИ ИНТЕРНАЦИОНАЛ	5.900.00
ЏОНСОН МЕТИ	14.340.667.50
ДЛ КОНКОРД	1.180.00
ПРОДИС	407.926.00
КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС	586.370.00
ВИТЕК МАКЕДОНИЈА	1.711.837.50
ВАН ХООЛ	13.365.694.00
АДИЕНТ СЕАТИНГ	295.110.00
ТЕХНИКАЛ ТЕКСТАЈЛЦ	420.834.00
МАКДИА	1.306.827.00
КИ СЕЈФИ СИСТЕМС	135.450.00
АРЏ АУТОМОТИВ	1.105.255.00
КОНДЕВО РГ	108.449.00
ГЕНТЕРМ	965.945.00
ОДВ ЕЛЕКТРИК	92.078.00
АПТИВ СЕРВИСЕС	689.629.00
ХАЈ ТЕК АСЕМБЛИ	170.805.00
ЛЕАР КОРПОРАТИОН	502.650.00
АДИЕНТ АУТОМОТИВ	417.749.00
ИНЈЕЦТИОН МОУЛДИНГ	32.400.00
ВИК	100.800.00
ЏАГАТАЈ ОТОМОТИВ КАБЛО ЕЛЕКТРИК	332.844.00
ГЕРМАН ЕЛЕКТРО МЕХАТРОНИКС	4.988.466.00
МУРАТ ВИРИНГ СИСТЕМС	4.679.225.00
АК-ИНВЕСТ	2.511.00
ЈУРОП ШИК АБСОРБЕРС ИПРОТЕКС ТЕК	379.455.00
БАУМЕР	310.690.00
АМ ПРОПЕРТИ	468.986.00
БАЛКАНЛАР ПЛАСТИК ПРОИЗБОДСТВО	2.739.820.00